Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-05-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3368 | 1 | |

Ев. знак: Арх. знак 1001
Рок на чување 10 год.
11-05 2015 г. Потпис,
Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 април 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 мај 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 9 март 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 17 февруари 2015 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-542, 10.03.2015 година) на вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, -* ***Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2).***

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитуван на 23 април 2015 година, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот)** <u>**во целост не**</u>

постапил по решението за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-542, 10.03.2015 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден, вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитуваше 5 часа 58 минути и 50 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници што е 33,39% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (17 часа 54 минути и 49 секунди) односно за 2 часа 58 минути и 35 секунди помалку од потребниот минимум. 50%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (17:54:49), е 8 часа 57 минути и 25 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 28 минути и 42 секунди изворно создадена програма во РМ на јазиците на немнозинските заедници, што медиумот треба да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, емитувал вкупно 2 часа 17 минути и 15 секунди, што е за 2 часа 11 минути и 27 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**, на 23 април 2015 година, не емитуваше најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, ниту пак, најмалку половина од неа емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 9 март 2015 година, вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), не ја отстранило повредата, односно продолжило со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка